# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXVI



Сцена од театарската претстава "Малиот принц"

Скопје, јуни 2013 г.

## СОДРЖИНА

2 страна
***Учество на РЦПЛИП - ПОРАКА во Универзлното периодично разгледување***

3 страна
***Тетарска претстава Малиот принц***

4 и 5 страна
***Извештај на УНИЦЕФ***

6 страна
***Заложба на ЕАСПД за деинституционализација***

7 страна
***Извештај на ЕАСПД за вклучување на корисници на сервисни служби***

8 и 9 страна
***Пресуда на Европскиот суд за правда***

10 страна
***Активности на Европскиот форум за попреченост***

11 страна
***Активности на Европската Инклузија***

12, 13, 14 и 15 страна
***Активности на локалните организации и дневните центри***

16 страна
***Наша страница***
***Скопски маратон 2013***

***“ПОРАКА”***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Графичко обликување и печат:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Јуни 2013 год. Број 2, год. XXVI**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
”Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

## Актуелно

# Учество на РЦПЛИП – ПОРАКА во крирањето на извештај во однос на Универзалното периодично разгледување

***Универзалното периодично разгледување “има голем потенцијал да ги промовира и да ги заштитува човековите права и во најтемните делови од светот” – Бан Ки-мун, Генерален секретар на Обединети нации***

Универзалното периодично разгледување (УПР) е уникатен процес кој вклучува разгледување на досиејата на сите држави членки на ОН. УПР е процес кој го води државата, под покровителство на Советот за човекови права, што нуди можност за секоја држава да ги објави акциите шти ги презела со цел подобрување на ситуацијата со човековите права со својата земја и да ги исполни своите обврски во однос на човековите права.

УПР беше креиран преку Генералното собрание на ОН на 15 март 2006 година со резолуција 60/251, со која се формираше и самиот Совет за човекови права. Тоа е кооперативен процес, кој од октомври 2011 ги прегледа досиејата за човекови права на сите држави членки на ОН. Во моментот не постои друг универзален механизам од овој вид. УПР е еден од клучните елементи на Советот кој ги потсетува државите за нивната одговорност за целосно почитување и спроведување на сите човекови права и основни слободи. Крајната цел на овој механизам е да се унапреди ситуацијата со човековите права во сите земји и да се разгледуваат кршењата на човековите права секогаш кога се појавуваат.

**УПР е процес кој го води самата држава, но граѓанскиот сектор има можност да учествува и да влијае врз истиот.** Граѓанскиот сектор може да се вклучи преку следните начини:
- Да учествува во националните консултации кои ги одржува државата;
- Да испрати сопствени информации за ситуацијата во однос на човековите права во земјата, во вид на извештај;
- Да лобира кај членовите на работната група кои го разгледуваат УПР за таа држава со цел тие да ги постават прашањата на кои граѓанскиот сектор сака да ги чуе одговорите.
- Да учествува на седница на Советот за човекови права при усвојување на извештајот;
- Да ја следи и да учествува во имплементацијата на препораките кои државата ги добила по разгледувањето на УПР.

**РЦПЛИП - ПОРАКА е дел од коалицијата на граѓански организации, предводени од ЕСЕ - Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените во Република Македонија, која изминатиот период работеше на подготовка на извештај за состојбите во однос на човековите права на ранливите групи граѓани во областа на здравствена заштита и здравствено осигурување. РЦПЛИП - ПОРАКА учествуваше во креирањето на извештајот од аспект на својата целна група - лица со интелектуална попреченост и нивните семејства. Извештајот ќе биде доставен до Советот за човекови права, согласно со пропозициите најдоцна до 24-ти јуни 2013 г.**

# Малиот принц живее во големите деца

**„Малиот принц” доби нова перспектива, можеби токму онаква каква што била замислена и од самиот Егзипери. Само да се чувствува и да се однесува човек онака како што го води срцето. Без маски, онака како што знаат само децата**



## Претстава на лица со интелектуална попреченост

Човек гледа добро само со срцето.
Најсуштественото е невидливо за очите...
Најпознатата реченица од „Малиот принц” на Антоан де Сент Егзипери, овој пат добива една поинаква смисла, можеби најсуштинска досега. Театарската претстава „Малиот принц", во која сите актери се лица со интелектуална попреченост од дневниот центар „Порака", во неделата ја доживеа својата премиера на малата сцена на Македонската опера и балет.

Десетината актери понудија одлична игра и создадоа толку симпатична атмосфера, што човек да не знае дали замислата на претставата е да биде малку комична или не, дали се на сцената се одвива според сценарио, или, пак, актерите импровизираат во мигот. Ако од нешто зрачеше малата сцена на МОБ, тогаш тоа беше искреност. Искреност, каква што не сме научени да гледаме во другите претстави. Актерите, кои имаа невидено чувство за ритам, покажаа дека можат да стојат на рамниште со професионалните актери, дека можат да го задржат вниманието докрај.

„Малиот принц” доби нова перспектива, можеби токму онаква каква што била замислена и од самиот Егзипери. Само да се чувствува и да се однесува човек онака како што го води срцето. Без маски, онака како што знаат само децата.

Фантастични беа и визуелните ефекти, кои за миг придонесоа амбиентот да се претвори во ѕвездено небо.

Со лицата со интелектуална попреченост работеа нашите актери Македонка Илиевска и Златко Митрески, кои одлично си ја завршиле работата. Оти за да се подготви една ваква претстава, потребно е големо трпение и пред се, многу љубов. Кога ја гледа човек оваа претстава и со срцето, не само со очите, ќе сфати дека Малиот принц има смисла само кога го играат луѓе што се деца во душата, душа искрена како онаа на главниот лик.

***Автор: Биљана Стојановска***
***Преземен текст од дневен весник “Нова Македонија”, 12.06.2013 г.***

## Активности на Обединетите нации

# Извештај на УНИЦЕФ –
# Состојба на децата во светот

## Погледни го детето – пред попреченоста, се бара во новиот извештај

***Децата со попреченост и заедницата имаат бенефит доколку општеството се фокусира на она што овие деца можат да го постигнат, наместо на она што тие не можат да сторат. Децата со попреченост ги имаат истите права и потреби како и сите деца. Меѓу нив се правото на живот и на можности кои доаѓаат од добра здравствена грижа, исхрана и правото на изразување на нивните гледишта и учество во донесувањето на одлуки, како и правото да уживаат еднаква заштита според законот. Извештајот ќе овозможи одлична прилика дискусијата околу правата на децата со попреченост да се стави на повисоката политичка агенда на ЕУ како и предизвиците и можностите кои се овозможени со ратификацијата на ЕУ на Конвенцијата за ОН за правата на лицата со попреченост.***

**Уницеф го презентираше својот извештај предводник “Состојбата на децата во светот 2013: Деца со попреченост” на 30-ти мај. Овој извештај се фокусира на предизвиците со кои се соочуваат децата со попреченост, и со придонесот кој можат да го дадат доколку имаат соодветна поддршка. Воедно ја подигнува свеста за потребите на оваа група која честопати е исклучена и маргинализиарана.**

*“Кога ќе ја гледате попреченоста пред да го видите детето, не само што тоа е погрешно за детето, туку го лишува општеството од сето она што детето има да го понуди. Нивната загуба е загуба на општеството; нивната добивка е добивка на општеството” вели Извршниот директор на УНИЦЕФ, Anthony Lake.*

Извештајот забележува дека малку земји имаат веродостојни информации за тоа колку од нивните граѓани се деца со попреченост или како тие живеат. Како резултат на тоа, децата со попреченост можат да се исклучени од јавните сервисни служби на кои имаат право. Потоа надополнува дека ваквите ускратувања можат да имаат трајни ефекти со што се ограничува пристапот до вработувањето или учеството во граѓанските работи понатаму во животот.

Клучните препораки ја вклучуваат потребата од ратификација и имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и Конвенцијата за правата на детето. Со заложбите за придржување кон овие конвенции, владите можат да обезбедат дека сите деца, без разлика на попреченоста, можат да ги уживаат своите права ослободени од дискриминација.

Со цел да се изградат поинклузивни општества, постои потреба од зголемување на **свесноста** за попреченоста меѓу општата јавност. Тоа вклучува информирање на луѓето за потенцијалите и способностите на децата со попреченост со цел борба против препреките кон еднакви можности.



Извештајот исто така ги повикува заедниците да се борат против бариерите кои им попречуваат на децата со попреченост целосно да **учествуваат во јавниот живот**. За да се осигура целосно вклучување на децата со попреченост, неопходно е да се олесни нивниот пристап до различни опкружувања, како што се училишта, здравствени објекти и јавен превоз.

“*Важноста од вклучувањето на децата со попреченост не може да се прецени. Предрасудите можат да се намалат преку интеракција, како што се покажува со активности кои ги спојуваат децата со и без попреченост*”, се вели во извештајот.

Бенефитот од социјалните активности беше исто така нагласен во однос на **промовирање на позитивно гледиште за попреченоста**. Спортот, особено, помогна во намалување на стигмата, бидејќи атлетите со попреченост се честопати меѓу најприфатените претставници на лицата со попреченост.

Извештајот ја истакнува потребата од **поддршка на семејствата** со цел тие да можат да ги задоволат повисоките трошоци за живеење и загубените можности да заработуваат. Согласно Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, децата со попреченост и нивните семејства имаат право на соодветен стандард на живеење и имаат право на субвенции или бесплатни сервисни служби за поддршка како на пример дневна грижа или пристап до групи за самопомош.

# Активности на Обединетите нации

**Програмите за рехабилитација во местото на живеење** се пример на интервенција водена од локалните заедници за да се обезбеди дека лицата со попреченост имаат еднаков пристап до сервисните служби какви што се образованието и здравството. Тие промовираат целосно учество преку опфаќање на повеќекратни ограничувања како оние со кои се соочуваат децата со попреченост кои живеат во руралните и во домородните заедници. На пример, во една иницијатива во Оахаса, Мексико една организација во соработка со УНИЦЕФ го промовираше воспоставувањето на локални мрежи за поддршка на семејства со деца со попреченост. Помеѓу 2007 – 2010 година, оваа иницијатива помогна да се зголеми прифаќањето на децата со попреченост во нивните заедници и воедно го подобри обезбедувањето на социјални сервисни служби и изградбата на рампи во јавните простори.

Извештајот ја истакнува важноста од создавање на **пристапни средини** за да се осигура активното учество на децата со попреченост. Понатаму се забележува дека децата кои се образуваат заедно со нивните врсници имаат подобра можност да бидат интегрирани во нивните заедници.

Во училиште, креирањето на инклузивна средина за учење за деца со попреченост во голема мера зависи од наставниците кои имаат добро разбирање за инклузивното образование и воедно заложба за учење на сите деца. Обучувањето на наставници за разбирање на прашањата поврзани со попреченост е уште еден клучен начин за промовирање на инклузијата на деца со попреченост.

**Образованието** е право. Како и што е наведено во Конвенцијата за правата на детето, “*развојот на личноста на детето, неговите/нејзините таленти и ментални и физички способности за нивниот целосен потенцијал*”. Понатаму, член 24 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост вели дека децата со попреченост не треба да бидат “исклучени од бесплатното и задолжително основно образование, или од средното образование, врз основа на попреченост”. Ускратувањето на ова основно право на образование за децата со попреченост има влијание врз нивниот иден потенцијал да најдат подобро работно место и да стекнат економска и социјална сигурност. Од друга страна, инвестирањето во образованието на деца со попреченост може да придонесе за нивната идна ефикасност како членови на трудовата сила.

Во извештајот се вели “*инклузивните здравствени и образовни сервисни служби имаат суштинска улога во изградбата на цврста основа врз која децата со попреченост можат да ги градат сопствените исполнети животи*”. Концептот на **инклузивно здравство** е истакнат и во Конвенцијата за правата на детето и во Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Согласно овие конвенции сите деца имаат право на највисок можен стандард на здравство. “*Децата со попреченост, според тоа, подеднакво имаат право на целиот спектар на грижа – од имунизација во детството до соодветна исхрана и третман за детските болести и повреди*”, се вели во извештајот.



Извештајот ја нагласува важноста од **искоренувањето на дискриминаторното однесување** во одредени општества каде децата со попреченост се стигматизирани, а нивните семејства се изложени на економско или социјално исклучување. Во вакви услови, децата со попреченост не се во можност дури ни да добијат документ за идентификација. Тоа е кршење на нивните права и основна пречка за нивното учество во општеството.

Начелото на “**разумно прилагодување**” вели дека е неопходно да се направат соодветни прилагодувања за да се осигура дека децата со попреченост можат да уживаат во нивните права на еднаква основа со другите. Извештајот ја истакнува улогата на државите потписнички во гарантирање на ефективна правна заштита на децата со попреченост. На пример, се вели дека државите имаат обврска да обезбедат дека “*децата со попреченост се информирани за нивното право на заштита од дискриминација и како да го практикуваат тоа право*”.

Со цел да се осигура инклузивно, правично општество, важно е сите деца да се вклучени. **Собирањето податоци** каде се назначува видот и тежината на попреченоста на децата како и препреките на кои наидуваат децата за учество во заедницата можат да помогнат во одлуките за тоа како да се распределуваат ресурсите и како да се обезбедуваат сервисните служби.

Другите препораки се однесуваат на повикување за ставање крај на институционализацијата на деца со попреченост. Во извештајот е наведено дека тој процес треба да биде пропратен со промоција на зголемената поддршка за семејна грижа и рехабилитација во местото на живеење.

Децата и адолесцентите со попреченост треба да бидат во центарот на напорите за создавање на инклузивни општества, да не се гледаат како корисници, туку како агенти на промени.

Со цел да бидат во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и со Конвенцијата за правата на детето, меѓународните заедници и нивните национални и локални партнери треба да ги вклучат децата со попреченост во целите и мониторинг на сите развојни програми.

## Активности на Европската Асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД)

# ЕАСПД ја обновува својата заложба за спроведување на процесот на деинституционализација

***ЕАСПД повикува на стопирање на процесот на ре-институционализација кој во моментот се случува во некои земји членки на ЕУ, како последица од мерките за штедење, недостиг на свест, менталитет, медицинскиот пристап и неправилна употреба на структурните фондови.***

Членовите на Управниот одбор на ЕАСПД на 30-ти мај 2013 година расправаа за деинституционализацијата и за промоција на сервисните служби во местото на живеење со цел да се преземат акции за актуелната состојба во Европа.

**Очигледно е дека инклузијата на лица со попреченост не е постиглива цел доколку сегрегацијата и исклучувањето од заедницата се уште се случуваат. Деинституционализацијата треба да биде пропратена со соодветно воспоставување на сервисни служби во местото на живеење вклучително и редовни и специјализирани сервиси.**

ЕАСПД ја изразува својата солидарност со лицата со попреченост и со оние кои ги поддржуваат, и истакнува дека мерките за штедење во Грција, како и во другите земји, директно ја кршат носечката структура на социјалните сервисни служби, со што се генерира сиромаштија и се поголема социјална исклученост, а една од најопасните последици од кризата е ризикот од повторна институционализација.

ЕАСПД повикува на стопирање на процесот на повторна институционализација кој во моментот се случува во некои држави членки на ЕУ. Негативните последици од институционализацијата се насекаде прикажани. Време е да се вклучи конкретно планирање за процесот на деинституционализација и сервиси во местото на живеење вклучувајќи ги и лицата со попреченост и сите чинители во овој процес.

Преговорите за буџетот на Европската унија ќе бидат завршени во следните недели со што ќе се даде важен сигнал за иднината на Унијата, бидејќи начинот на кој буџетот ќе се распредели ќе влијае на можноста за градење на посоцијална Европа која ќе биде поблиска до потребите на граѓаните.

ЕАСПД ги повикува европските институции да обезбедат соодветно финансирање за социјалната инклузија, пристап до квалитетно вработување и социјални сервисни служби. За тоа да се обезбеди, најмалку 25% од буџетот на политиката за кохезија мора да биде распределен за Европскиот социјален фонд, а од нив најмалку 20% да бидат резервирани за социјална инклузија и намалување на сиромаштијата.

Понатаму, повикуваме на целосно вклучување на претходните условувања релевантни за поддршката од Структурните фондови за алтернативите на институционалната грижа во местото на живеење, со цел да се спречи финансирање на институционална грижа и да се поддржи развојот на квалитетни сервисни служби кои ќе бидат достапни за сите оние на кои им се потребни.








## Активности на Европската Асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД)

# Извештај на ЕАСПД во однос на вклучувањето на корисниците на социјални сервисни служби

***Публикацијата истакнува дека учеството на лицата со попреченост во рамките на циклусот на обезбедување на сервисни служби стана клучен фактор за успех во однос на пружањето на социјални сервисни служби со висок квалитет.***

Извештајот *“Вклучување на корисниците на социјални сервисни служби: инспирирачки пристапи за промоција на учеството на лицата со попреченост”* е издаден од ЕАСПД. Оваа публикација истакнува дека учеството на лицата со попреченост во циклусот на обезбедување сервисни служби претставува клучен фактор за успех во обезбедувањето на социјални сервисни служби со висок квалитет. Овој документ го одразува системскиот придонес на ЕАСПД кон истражувањата во ова поле и се стреми да ги промовира и да се фокусира на системите развиени од страна на членките на ЕАСПД со цел лицата со попреченост да се вклучат во раководењето и развојот на сервисните служби. **Тоа претставува надополнување на нивната вклученост во општеството**.

ЕАСПД верува дека организациите кои обезбедуваат сервисни служби треба да служат за пример, да го охрабруваат општеството да го промовира ова учество. **“Потребно е обезбедувачите на сервисни служби да ја признаат улогата на лицата со попреченост и системски да го промовираат нивното активно учество во развојот, пружањето и евалуацијата на сервисните служби чии корисници се самите тие”** вели Franz Wolfmayr, претседател на ЕАСПД.

Документот започнува со споредбена анализа на најрелевантните европски и меѓународни правни инструменти, со особен фокус на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и на Европската стратегија за попреченост 2010 – 2020.

**“Специјализираните сервисни служби не се структурно интегрирани во имплементацијата на Европската стратегија за попреченост 2010 – 2020, тоа е пропуштена можност за промоција на правата на лицата со попреченост. Благодарение на улогата која ја имаат во општеството, обезбедувачите на сервисни служби можат ефективно да придонесуваат за инклузијата на лицата со попреченост преку јасна, ефективна и стратешка соработка со институциите на Европската унија”** вели Luk Zelderloo, Генерален секретар на ЕАСПД.

Веруваме дека обезбедувачите на сервисни служби имаат суштинска улога како клучни партнери во промоцијата на сеопфатно учество на корисниците, **инклузијата на лицата со попреченост мора да стане норма во обезбедувањето на сервисни служби**.




Нашата желба е да се спречи и да се избегне постоечкиот јаз во перспективата помеѓу меѓународните договори и реалноста.

Примерите претставени во овој документ имаат за цел да покажат дека лесно можат да се постават многу од процедурите. **Во тој поглед, сервисните служби можат да учат едни од други, а иновативните пристапи можат да се промовираат преку соработка и мрежно работење.**

*РЦПЛИП - ПОРАКА го преведе извештајот “Вклучување на корисниците на социјални сервисни служби: инспирирачки пристапи за промоција на учеството на лицата со попреченост” на македонски јазик и истиот ќе биде достапен на www.easpd.eu и www.poraka.org.mk.*

## Активности на Европскиот суд за правда

# Европскиот суд за правда донесе значајна одлука за работници со попреченост

***Европскиот суд за правда, на 11-ти април 2013 година, донесе значајна пресуда во поврзаните случаи Ring и Skouboe Werge.***

Во скорешниот случај на Ring и Skouboe Werge, Европскиот суд за правда ги нагласи правата на вработените со попреченост и ја забележа важноста од обезбедување на мерки за “разумно прилагодување” со цел да се обезбеди еднаков пристап до работно место.

Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост го дефинира разумното прилагодување како “неопходна и соодветна модификација и регулирање, не наметнувајќи непропорционален или несоодветен товар, доколку потребно во одреден случај, за да им се обезбеди на лицата со попреченост да ги уживаат или остваруваат сите човекови права и основни слободи на еднаква основа со другите”.

Во случајот на Ring и Skouboe Werge, ХК Данска, Дански синдикат, покрена две акции за надомест во име на г-ѓа Ring и г-ѓа Skouboe Werge, поради нивното отпуштање со скратен отказен рок. Согласно данскиот закон за вработување, работодавецот може да го прекине договорот за вработување со “скратен отказен рок” од еден месец доколку работникот бил отсутен поради болест, 120 дена во текот на претходните 12 месеци. ХК Данска тврди дека поради попреченоста на овие две вработени, нивните работодавци требало да им понудат намалување во работните часови. Дополнително, синдикатот тврди дека данското законодавство за скратен отказен рок не се однесува на овие работници бидејќи нивните отсуства поради болест произлегуваат од нивната попреченост.

Во својата пресуда, судот се повикал на Директивата на ЕУ за вработување каде се потврдува правото на сите лица на еднаков третман во вработувањето и занимањето. Се вели дека оваа Директива треба да се толкува на начин согласен со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

Бидејќи Директивата за вработување не ја дефинира “попреченоста”, Судот имал претходна пресуда каде понудил некои насоки за концептот на попреченоста. Сепак, оваа пресуда била критикувана бидејќи го зела во предвид медицинскиот пристап за попреченоста, фокусирајќи се на оштетувањата на лицето. Пресудата во случајот Ring и Skouboe Werge ја исправила ситуацијата, наведувајќи дека концептот на попреченоста мора да се разбере во контекст на член 1 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Согласно овој член, “лица со попреченост се оние лица со долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различни бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите”.

Во својата пресуда, судот забележал дека постоечкото данско законодавство може да ги стави работниците со попреченост во неповолна ситуација која може да резултира индиректно со разлика во третманот врз основа на попреченост.

Судот забележал дека Директивата на ЕУ за вработување бара од работодавецот да преземе “соодветни мерки за разумно прилагодување” за да му се овозможи на лицето со попреченост да има пристап до, да учествува во, или да напредува во работата. Судот понатаму вели дека намалувањето на работните часови може да се смета за соодветна мерка за прилагодување во случај кога тоа намалување ќе му овозможи на работникот да работи на своето работно место.

### Соопштение на Судот за правда

### Лечлива или неизлечива болест која наметнува физичко, ментално или психиолошко ограничување може биде асимилирана во попреченост

Намалувањето во работните часови може да се смета како мерка за прилагодување што работодавецот мора да ја преземе со цел да му овозможи на лицето со попреченост да работи.

Директивата за еднаков третман при вработување и занимање креира општа рамка за борба, особено, со дискриминацијата врз основа на попреченост.

Директивата беше променета од страна на данското законодавство за забрана на дискриминација на пазарот на труд. Како дополнување, данскиот закон за вработување овозможува работодавецот да може да го прекине договорот за вработување со “скратен отказен рок” од еден месец доколку работникот бил отсутен поради болест, со исплатена плата, 120 дена во текот на претходните 12 месеци.

Во овие случаи, ХК Данска, дански синдикат, изнесе две акции за надомест во име на г-ѓа Ring и г-ѓа Skouboe Werge, поради нивното отпуштање од работа со скратен отказен рок. ХК Данска тврди дека поради попреченоста на овие две вработени, нивните работодавци требало да им понудат намалување во работните часови. Синдикатот, исто така, тврди дека националното законодавство за скратен отказен рок не

## Активности на Европскиот суд за правда

може да се однесува на овие две работнички бидејќи нивните отсуства поради болест произлегуваат од нивната попреченост.

Судот во Данска, кој расправал за двата случаи, бара од Судот за правда да го појасни концептот на попреченост. Прашањата кои исто така произлегуваат се дали намалувањето на работните часови може да се смета како мерка за разумно прилагодување, и дали данското законодавство за скратен отказен рок за отпуштање од работа е во спротивност со законите на ЕУ.

Бидејќи попреченоста не е дефинирана во Директивата, Судот дал дефиниција за тој концепт во својата пресуда во случајот Chacon Navas. Таму се вели дека концептот е различен од болест и мора да биде разбран како долгорочно ограничување што резултира,особено од физички, ментални или психолошки оштетувања и го попречува учеството на лицето во професионалниот живот.

Откако беше донесена пресудата, ЕУ ја ратификуваше Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Со тоа следи дека директивата мора да се толкува, што е можно повеќе, на начин кој е согласен со Конвенцијата.

Со својата пресуда од денес, Судот започнува со објаснување дека **концептот на "попреченост"** мора да се толкува како вклучување на состојба предизвикана од болест, медицински дијагностицирана како лечлива или неизлечива, доколку таа болест наметнува ограничување што резултира, особено: од физички, ментални или психолошки оштетувања кои во интеракција со различни бариери можат да го попречат целосното и ефективно учество на лицето во професионалниот живот на еднаква основа со другите работници, и кое ограничување е долгорочно. Судот забележува дека, спротивно на аргументите од страна на работодавците и во двата случаи, концептот на "попреченост"не мора да значи целосно исклучување од работа или професионален живот. **Како дополнување, наодот дека постои "попреченост" не зависи од природата на мерките за прилагодување кои треба да ги направи работодавецот, како на пример употребата на посебна опрема.** Тоа ќе биде на националниот суд да оцени дали, во сегашните случаи, работниците биле лица со попреченост.

Судот потоа потсетува дека со директивата се бара од работодавецот да преземе **соодветни мерки за разумно прилагодување**, особено да му овозможи на лицето со попреченост да има пристап до, да учествува во или да има напредок во работењето. Судот забележува дека, дури и ако не биле опфатени со концептот на "модел на работно време" експлицитно споментат во директивата, **намалувањето на работните часови** може да се смета како соодветна мерка за прилагодување во случај во кој намалувањето му овозможува на работникот да продолжи со својата работа.

**Тоа, сепак, останува на националниот суд да одлучи дали, во овие случаи, намалувањето на работните часови, како мерка за прилагодување, претставува несразмерен товар на работодавците.**

Судот потоа наведува дека директивата го исклучува националното законодавство според кое работодавецот може да го прекине договорот за вработување со **скратен отказен рок** ако работникот со попреченост бил отсутен поради болест, со исплатена плата, 120 дена во текот на претходните 12 месеци, каде тие отсуства се последица од неуспехот на работодавецот да преземе соодветни мерки за разумно прилагодување со цел да му овозможи на лицето со попреченост да работи.

Судот, на крај, пресудува дали националното законодавство во однос на скратениот отказен рок е одговорно за создавање на дискриминација врз лица со попреченост. Директна дискриминација се јавува онаму каде лицето се третира понеповолно во однос на друго, во слична ситуација, врз основа на попреченост. Индиректна дискриминација се јавува каде една очигледно неутрална одредба, критериум или практика е одговорна да ги стави лицата со попреченост во особено неповолна ситуација во споредба со другите лица, освен доколку тоа е оправдано.

Судот забележува дека националното законодавство се применува на ист начин кон лицата со и без попреченост кои биле отсутни повеќе од 120 дена поради болест. Тоа законодавство не може да се смета за воспоставување на разлика во третманот заснован директно на дискриминација. Но судот наоѓа дека работникот со попреченост е повеќе изложен на ризик од примена на скратен отказен рок отколку работник без попреченост бидејќи тој/таа има дополнителен ризик од стекнување болест поврзана со попреченоста. **Поради тоа, очигледно е дека законот е одговорен за ставање на работниците со попреченост во неповолна ситуација, а со тоа да се направи разлика во третманот индиректно заснован на попреченост.**

Судот дава одговор дека директивата го исклучува таквото домашно законодавство, доколку законодавството, како и извршувањето на легитимна цел, не оди подалеку од она што е потребно за да се постигне таа цел, а тоа е на националниот суд да го одреди. Во тој поглед, земајќи ја во предвид дискрецијата која ја имаат државите членки во социјалните политики и во политиките за вработување, останува на националиот суд да испита дали данското законодавство, во извршувањето на легитимните цели, како прво, промовирањето на регрутирање работници со болест, и како второ, постигнување на разумна рамнотежа помеѓу спротивставените интереси на работодавците и работниците во поглед на отсуствата поради болест, **испуштил да ги земе во предвид релевантните фактори поврзани, особено со работниците со попреченост**.

## Активности на Европскиот форум за попреченост

# Состанок на претседателите на политичките групи во Европскиот Парламент со ЕДФ

**Лидерите на главните политички групи во Европскиот парламент најавија силна акција за поддршка на правата на лицата со попреченост**

Најавата дојде по состанокот на високо ниво одржан помеѓу претседателите на политичките групи и на претседателот на ЕДФ на 5-ти јуни 2013 година. Сите присутни потпишаа декларација со цел преземање на серија од значајни иницијативи насочени кон обезбедување на целосна инклузија на лицата со попреченост како и зајакнување на нивните права.



**ДЕКЛАРАЦИЈА**

Ние, претседателите на политичките групи во Европскиот парламент, на состанокот со Европскиот форум за попреченост одржан денес, ја усвоивме оваа Декларација изразувајќи ја заедничката заложба на политичките сили од Европскиот паралмент во поддршката на правата на лицата со попреченост во Европа, во рамките на нашите напори за борба против дискриминацијата од секаков вид, без разлика дали е директна или индиректна

**1. Европската унија мора да усвои сеопфатен антидискриминаторски закон**

Европската унија мора да усвои закон кој ја забранува дискриминацијата, без разлика дали е заснована на религија, уверувања, попреченост, возраст или сексуална ориентација, во сите аспекти на животот. Го повикуваме Советот да се откаже од својата 5 годишна блокада на “Директивата за еднаков третман” и да ги усвои предлозите од Европскиот Парламент.

**2. Парламентот мора во целост да ја имплементира Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост**

Ја изразуваме нашата заложба за преземање на секакви напори со цел да обезбедиме дека со работата на парламентот се промовира, се штити и се овозможува целосно и еднакво уживање на сите човекови права од страна на сите лица со попреченост, како што стои во Конвенцијата на ОН. За таа цел, ќе разгледуваме нови можни институционални и ефективни механизми во рамките на Европскиот парламент кои ќе гарантираат дека Конвенцијата е вклучена во редовната работа на Парламентот, како што е на пример создавање на Комитет “Работна група за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост” која навистина може да придонесе во процедурите за мониторинг.

Воедно, силно сме убедени дека Европскиот парламент, како директно избрана институција која ги застапува граѓаните на ЕУ, без разлика, меѓу другото, на нивната националност или попреченост, треба да биде место за редовни демократски дебати за постигнатиот напредок во уживањето на правата како што се напишани во Конвенцијата од страна на лицата со попреченост. Веруваме дека Европскиот парламент треба да биде консултиран за првиот извештај за напредок на ЕУ во однос на имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост; ние ќе предложиме одржување на пленарна седница за ова прашање проследена со усвојување на резолуција.

**3. Заштита на лицата со попреченост од влијанието на кризата е приоритет**

Сегашната економска криза бара посебно внимание кон групите кои се социјално исклучени. Силно веруваме дека лицата со попреченост не треба да бидат жртви на кризата. Мерките за штедење усвоени од Европската унија и нејзините држави членки не смеат да бидат на штета на животните услови и на правата на лицата со попреченост.

Потврдуваме дека ќе дадеме конкретни предлози насочени кон заштита на лицата со попреченост од кризата, вклучително и во рамките на усвојувањето на инструментите за политики на ЕУ како што се Social Investment Package, European Semester и Social Dimension of the EMU.

**4. Европските избори 2014 мора целосно да бидат пристапни за лицата со попреченост**

Нагласуваме дека од голема важност е сите граѓани со попреченост да можат да учествуваат во европските избори и да имаат пристап до информациите од кампањите на еднаква основа со другите. Денес, една година пред изборите, се обврзуваме дека ќе направиме напори да овозможиме пристап до нашите документи и информации, со особен нагласок на нашата веб страна. Ги повикуваме изборните власти во државите членки да ги отстранат сите пречки со цел да се овозможи пристап до изборите за Европскиот парламент.

Ќе го земеме во предвид и Манифестот на ЕДФ со цел да се овозможи политичка поддршка, како и да ги поттикнеме Европските партии и националните партии кои припаѓаат на нашите соодветни политички семејства да го прифатат манифестот на ЕДФ.

5. **Европа има потреба од силно и амбициозно ЕУ законодавство за пристапност до добра и сервиси служби**

Го потврдуваме нашиот повик кон Европската комисија, веќе искажан од страна на парламентот во својата резолуција од октомври 2011 година, да се претстави амбициозен законски предлог за Европскиот акт за пристапност, со силни, обврзувачки мерки на ниво на ЕУ за да се подобри пристапноста до добра и сервиси служби на ЕУ пазарот за лицата со попреченост. Оваа цел веќе е поддржана од голем број на конференции во Европскиот парламент, како и од повеќе од 50 пишани прашања до институциите на ЕУ.

6. **Ништо за лицата со попреченост без лицата со попреченост**

Ја прифаќаме важноста од директно и активно вклучување на лицата со попреченост во одлуките, политиките и процесите на носење одлуки кои ги засегаат нив, како што е напишано во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во членот 4.3. Ја поддржуваме идејата да се организира, со наша поддршка, состанок на Претседателите на политичките групи во Европскиот парламент со ЕДФ, како и состанок со Европскиот парламент на лица со попреченост, со што ќе се придонесе парламентот да остане кон своите обврски согласно Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

## Активности на Европската Инклузија

# Потребите на старите лица со интелектуална попреченост и нивните семејства бараат итно внимание!

**Со години station наназад конференциите “Европа во Акција” се значаен инструмент во истакнување на прашањата кои се од најголема важност за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Конференцијата во 2013 година овозможува уникатна можност да се опфатат темите поврзани со стареењето на лицата со интелектуална попреченост, нивните семејства и организациите на Европско ниво.**

За време на годишната конференција на Европската Инклузија, самозастапниците, нивните семејства, организациите, обезбедувачите на сервисни служби и јавните власти се собраа во Љубљана да го одбележат зголемувањето на животниот век на лицата со интелектуална попреченост.

Зголемувањето на животниот век на лицата со попреченост е големо постигнување на нашето време што резултира од медицинските и социјалните напредоци. Сепак, оваа нова ситуација носи широк спектар на предизвици и загриженост за поединците, нивните семејства и згрижувачи, кои треба итно да се разгледуваат со усвојување на релевантни политики и обезбедување на сервисни служби.

Додека стареењето на светското население е во центарот на дискусиите за иднината на Европа, лицата со интелектуална попреченост се во голема мера исклучени од оваа дебата. Старите лица со интелектуална попреченост се честопати предмет на повеќекратна дискриминација. Бидејќи е ова прва генерација на лица со интелектуална попреченост што живеат подолго, системите за поддршка и сервисните служби кои треба да го гарантираат нивниот квалитет на живеење допрва треба да се воспоставуваат.

**Инклузивни сервисни служби** ориентирани кон лицата се клучот за осигурување дека инклузијата, достоинството и учеството на старите лица со интелектуална попреченост и нивните стари семејства. Обезбедувањето на квалитетни **инклузивни програми за здравствена грижа и превенција**, расположливоста



на лесно разбирливи информации и комуникации во секојдневниот живот како и **доживотен пристап до можности за учење** за да се одржат вештините за самостојно живеење се неопходни предуслови за **активно стареење**.

Низ цела Европа, повеќето лица со интелектуална попреченост живеат со своите семејства. **Старите згрижувачи од семејството** треба да ја добиваат соодветната поддршка во текот на целиот живот, особено кога ќе дојдат до старо доба. Планирањето на идните потреби треба да започне што е можно поскоро за да се направат подготовки за непредвидени промени и да се спречат трауматизирачки искуства.

Социјалните политики мора да соодветствуваат со оваа новонастаната ситуација и да се обезбеди дека сервисни служби за поддршка, кои се неопходни, се во голема мера достапни и се со прифатлива цена. Мора да се воспостави **индивидуализирано финансирање** за да се осигура дека персоналните сервисни служби се обезбедени за секој поединец. **Недостигот од информации и податоци** за ситуацијата на старите лица со интелектуална попреченост е значајна бариера во планирањето на политиките и следењето на потребите кои итно треба да се разгледаат.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар

ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар продолжува со спроведување на активностите планирани во програмата за работа за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во рамките на кампањата “Правата да станат реалност” За таа цел, во соработка со ООУ “Гоце Делчев”, а поддржано од Советот на општината и градоначалникот, г-дин Љупчо Блажевски, на 23.05.2013 година се одржа работилница под мотото “Вашата добрина – наша гордост”, во чест на денот на сесловенските просветители “Св.Кирил и Методиј”.

На почетокот беше прикажан краткиот филм “Авантурата на Сара” кој присутните го гледаа со големо внимание. Работилницата ја отвори претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, кој ја истакна соработката помеѓу оваа организација и ООУ “Гоце Делчев”, а потоа ги презентираше целите, приоритетите, принципите и активностите во изминатите години, а особено резултатите од 2000 година до денес, кога ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар е рангирана меѓу најдобрите локални организации на РЦПЛИП – ПОРАКА.

На темата “Што е интелектуална попреченост?” зборуваше Димче Ѓорѓиевски, волонтер едукатор, ученик во трета година во СОУ “Крсте Петков Мисирков” кој со посебно подготвен материјал на ова тема ги запозна присутните презентирајќи податоци преземени од ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и од РЦПЛИП – ПОРАКА.

За разликите помеѓу интелектуаланта попреченост и менталната болест зборуваше Николина Цветановска, волонтер-едукатор, матурантка во СОУ “Крсте Петков Мисирков”.

Роберт Петревски, претседател на Комисијата за образование и култура и координатор на активностите меѓу СОУ “Крсте Петков Мисирков” и ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар говореше за задолжителното основно образование за лицата со интелектуална попреченост. Тој се осврна на документите во кои е опфатено образованието на лицата со интелектуална попреченост (Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, Уставот на Република Македонија, Законот за задолжително основно образование и за локалната самоуправа) како и за потребата од нивна имплементација во практика во општина Демир Хисар.

Стихонизот на литературни творби на тема “Вашата добрина – наша годрост” од наградени и пофалени песни, а распишан по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, го промовираше Златко Бошевски, вработен во Народната библиотека, кој е координатор на активностите меѓу Домот на Културата “Илинден” и ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар.

За значењето на 24 Мај, денот на сесловенските просветители, зборуваше Борис Дамевски, член на Собранието и на комисијата за образование на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар. Воедно тој се вклучи и во промовирањето на стихонизот.

На работилницата учество зедоа 35 ученици од петто одделение од ООУ “Гоце Делчев”, како и наставници вклучени во образовниот процес и ученици чии творби се претставени во Стихонизот.

ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар спроведувајќи ги активностите планирани во програмата за 2013 година во хуманитарно социјалната сфера, ја продолжи соработката со младите од Црвениот крст Демир Хисар. Во соработка со основното училиште “Гоце Делчев” од Демир Хисар, ООУ “Браќа Миладиновци” од с.Жван и Црвениот крст, во Домот на културата беше реализиран проектот “Со хуманост до посреќно детство” под мотото “Има луѓе на светот кои мислат на нив, кои сакаат да помогнат да знаат дека не се заборавени и препуштени сами на себе”, и тоа во периодот од 4-ти до 13-ти март 2013 година. Во Домот на културата во Демир Хисар на 6-ти март се организираше квиз натпревар во три области на кој учество зедоа ученици од двете основни училишта. Салата беше преполна со посетители, а собраните средства беа наменети за семејство во кое има лице со интелектуална попреченост. ЦПЛИП – Демир Хисар, за овој квиз, обезбеди книги како награди за првопласираните ученици, како и промотивен материјал од организацијата. На 13-ти март беше посетено семејството во с.Слепче кое три недели претходно доживеало трагедија во која изгубило член, исто така со интелектуална попреченост, и му беше донирана правосмукалка.





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Дебар има воспоставено успешна соработка со организации и институции кои делуваат во полето на попреченоста во Република Албанија. Како резултат на таа соработка во изминатиот период ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар оствари неколку средби со цел размена на искуства и информации кои ги засегаат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства.



Првата средба беше реализирана во посебното основно училиште во градот Драч. Средбата се одржа во присуство на претставници од ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар, директорката и персонал од училиштето кои директно работат со децата, како и група советници во локалната самоуправа. Директорката на училиштето ги информираше присутните за работата на ова единствено училиште од ваков тип во општина Драч, каде се школуваат 115 ученици со посебни потреби, од прво до деветто одделение. Училиштето е основано во 1974 година и во најголема мера е финансирано од страна на државата преку Министерството за образование, но и општината одделува дел од своите средства за финансирање на различни активности кои се спроведуваат во рамките на училиштето.

На почетокот на месец мај, претставници на организацијата за лица со интелектуална попреченост во градот Пешкопеја, од Центарот за социјална работа и претставници на локалната самоуправа го посетија ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар. На средбата присуствуваше и новиот градоначалник на Општина Дебар, Ружди Лата. За време на средбата, која се одржа во просториите на Општината, градоначаланикот ги нагласи проблемите со кои се соочуваат како општина во остварувањето на правата на лицата со интелектуална попреченост на локално ниво, но истакна дека во иднина ќе се залага за нивно постепено решавање. Исто така нагласи дека ќе ја интезивираат соработката со Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Дебар која е активен чинител во областа на попреченоста во Општината. Ањеза Вока, која работи во кабинетот на градоначалникот на Пешкопеја го информираше г-дин Лата дека во просториите на локалната самоуправа функционира центар кој всушност претставува сервисна служба за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Во оваа сервисна служба работат две лица кои се потпомогнати од градоначалникот на Пешкопеја и од Центарот за социјална работа. Лулизме Пилафи, која работи во овој центар ја претстави нивната работа, односно обезбедување на потребните информации за лицата со интелектуална попреченост и нивните родители за правата кои ги имаат и начините за нивно остварување, понатаму организирање на различни манифестации и спроведување на семинари во областа на попреченоста. Потоа средбата продолжи во Муфтиството на град Дебар каде новиот муфтија говореше за соработката која ја имаат воспоставено со ЦЛИП – ПОРАКА Дебар.

На крајот од средбата претставниците од двата града се согласија за понатамошна соработка со цел аплицирање со проекти за ИПА Фондовите кои се на располагање во областа на пограничната соработка.

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија

Како една од предвидените програмски активности, Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Гевгелија на почетокот на месец мај организираше еднодневни спортски активности за корисниците на социјалниот клуб кои се одржаа во Негорски Бањи.



Лицата со интелектуална попреченост согласно со предвидената програма за активности, прво имаа подготвителни вежби, а потоа поделени во екипи играа турнир во мал фудбал.

Турнирот беше проследен со аплаузи и навивања од страна на присутните членови кои не учествуваа и од родителите на лицата со интелктуална попреченост.

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица

По повод велигденските празници ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица учествуваше на манифестацијата “Од децата за децата” која се одржува веќе неколку години по ред и на која учествуваат сите редовни основни училишта од локалната заедница. Под водство на Организација на жени на општина Струмица, која пред неколку години ја даде идејата за организирање ваков настан, целта на манифестацијата е, во смисла на значењето и суштината на велигденските празнувања, симболично да се помогне на деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Учениците од редовните основни училишта се ангажираат во создавање креативни изработки на тема “Велигден”, истите се изложуваат на однапред подготвените штандови и се продаваат по симболична цена на посетителите на настанот. Собраните парични средства се користат за купување на основни прехранбени продукти и тие потоа, во вид на пакети, им се доделуваат на децата од социјално загрозените семејства. И членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, како единствена организација на лица со попреченост која учествуваше на настанот, се претставија со своите изработки.

Манифестацијата започна со обраќање на градоначалникот кој изрази задоволство од големата посетеност на настанот. Потоа поранешната претседателка на Организацијата на жени искажа благодарност до учесниците за нивното континуирано учество и големата креативност. Програмата продолжи со настап на ритмичка група, рецитатори и настап на деца и младинци од локалното фолклорно друштво. Посетеноста од година во година е се поголема и секогаш е медиумски покриена. Оствaривме контакти со наставниот кадар од редовните основни училишта, кои беа заинтересирани за соработка во вид на меѓусебни посети и организирање предавања за учениците во врска со интелектуалната попреченост.

За нас, ова одбележување на велигденските празници беше начин да се промовира организацијата пред пошироката јавност и нашите членови со интелектуална попреченост да се дружат со учениците од редовните основни училишта, со што не само што ќе се поддржи нивната интеграција во средината на живеење, туку и ќе се работи на намалување на дискриминацијата кон лицата со попреченост.





## Социјални активности на дневниот центар - ПОРАКА Радовиш

# Одбележување на верскиот празник Источен петок

Корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш присуствуваа на одбележувањето на верскиот празник Балаклија или Источен петок веднаш по Велигденските празници.

Настанот се одржа на Градскиот крст, а го организираа свештените лица од црквата Св.Троица пред голем број на верници. Корисниците запалија свеќи за здравје и се помолија пред иконите на Св.Троица, заштитник на градот Радовиш. Традиционално се подели и погача, која ја подготвува кумата на овој настан, а ја осветуваат свештените лица.

Ова беше уште едно искуство да се биде дел од одбележување на верски празник и да се учи за обичаите важни за христијанската вера и религија.



## Активности на дневниот центар - ПОРАКА Скопје

# Обука за родители на лица со попреченост “Сексуално и репродуктивно здравје и права”

Асоцијацијата за здравствена едукација и истражување Х.Е.Р.А. и РЦПЛИП - ПОРАКА во периодот 29–30.04.2013 година во хотел “Порта” - Скопје одржаа обука за родители на лица со попреченост на тема сексуално и репродуктивно здравје и права.

На обуката присуствуваа Маријана Серафимовска Димитриевска - социјален работник во дневниот центар ПОРАКА - Скопје, Родна Обедникова, Славе Ристевски и Сартер Рамо - родители на лица со интелектуална попреченост корисници на дневниот центар - ПОРАКА Скопје.

Предавачи на обуката беа Весна Матевска од Х.Е.Р.А., Владо Крстовски од РЦПЛИП - ПОРАКА и д-р Снежана Георгиева - гинеколог.

Главен акцент се стави на тоа дека лицата со интелектуална попреченост ги уживаат истите права како и останатите, па така и правата кои се однесуваат на сексуалноста. Стана збор за потребата од ваков вид на едукација на лицата со попреченост со цел да се почувствуваат придобивките од соодветно реализирање и практикување на сексуалноста на секоја индивидуа.

Исто така, важност се придаде и на информирањето и зајакнувањето на самодовербата на корисниците како начин на спречување на можна злоупотреба. Програмата за сексуално и репродуктивно здравје и права се реализира во сите дневни центри на РЦПЛИП - ПОРАКА,но сепак и самите родители треба да превземат одговорни чекори за решавање на важни прашања од оваа област за доброто на своите деца.



# Еднодневна посета на Струга

Секогаш посебно не радува кога иницијативата за некоја социјална активност произлегува од страна на родителите на корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје.

Г-ѓа Зорица Костова се ангажираше околу изведувањето на еднодневната посета на Струга но голема благодарност упатуваме и до секторот за социјална, детска и здравствена заштита при Град Скопје кои го овозможија патувањето до Струга и назад.

Покрај времето поминато во убаво дружење во одреден период корисниците се почуствуваа како на свој терен. Имено во рамките на екскурзијата беше посетен и Центарот за обука на кадри на Црвен крст “Солферино” каде двапати годишно се одржуваат и спортско - рекративните активности за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП ПОРАКА, место од коешто секој се враќа дома со незаборавни спомени.

# Посета на планетариум



Корисниците на дневниот центар - ПОРАКА Скопје на 31.05.2013 година го посетија планетариумот кој функционира во рамките на МКЦ. И покрај тоа што веќе ја имаме посетено оваа институција, овојпат нашата посета имаше поинаква цел.

За потребите на претставата која ја подготвуваат корисниците од дневниот центар заедно со двајца професионални актери од Театар “Пи” беше неопходно да се направат неколку “ѕвездени “ фотографии. Му благодариме на г- дин Ѓоре кој несебично ни излезе во пресрет и ни овозможи термин за фотографирање, но и за освежување на знаењата за бесконечноста на небесниот простор со прекрасна презентација.

# Порака за еднакви можности на Скопскиот маратон 2013

**Дејан Крле, еден од учесниците на Скопскиот маратон 2013 година својата трка ја посвети на лицата со интелектуална попреченост и нивна афирмација како еднакви граѓани во нашата држава. Дејан, за време на маратонот на 12 мај 2013 година, на својата спортска опрема носеше натпис *„Еднакви можности за лицата со интелектуална попреченост"* со цел подигнување на јавната свест за правата на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија.**







**Оваа иницијатива се реализира во соработка со Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, како една од активностите за одбележување на јубилејот - 50 години активно делување на РЦПЛИП - ПОРАКА.**




**Дејан е позитивен пример за сите нас и доказ дека во Република Македонија се уште постојат добронамерници кои се подготвени да дадат свој придонес во процесот на изедначување на можностите за лицата со интелектуална попреченост.**

**Во името на сите наши членови со интелектуална попреченост, упатуваме голема благодарност до Дејан.**




ISSN 0350-5863